# ГРАЃАНСКИ ОБЈЕКТИВ: ПОВЕЌЕ ОД ПРОЕКТ

## ГРАЃАН(К)ИТЕ УЧЕСТВУВААТ, НАБЉУДУВААТ, ИЗВЕСТУВААТ





# ГРАЃАНСКИ ОБЈЕКТИВ: ПОВЕЌЕ ОД ПРОЕКТ

## ГРАЃАН(К)ИТЕ УЧЕСТВУВААТ, НАБЉУДУВААТ, ИЗВЕСТУВААТ

Публикација на проектот:
ГРАЃАНСКИ ОБЈЕКТИВ - ПРОЕКТ ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОДГОВОРНОСТА ВО ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ

**ЦИВИЛ, 2018**

**ГРАЃАНСКИ ОБЈЕКТИВ: ПОВЕЌЕ ОД ПРОЕКТ**
ГРАЃАН(К)ИТЕ УЧЕСТВУВААТ, НАБЉУДУВААТ, ИЗВЕСТУВААТ

Публикација на проектот:
ГРАЃАНСКИ ОБЈЕКТИВ - ПРОЕКТ ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОДГОВОРНОСТА ВО ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ

Издавач: ЦИВИЛ - Центар за слобода
За Издавачот: Џабир М. Дерала

Редакција:
Џабир М. Дерала, Биљана Јордановска, Синиша Станковиќ, Маја Ивановска, Игор Илиевски, Дијана Тахири, Дехран Муратов, Ангела Петровска, Ариан Мехмети, Симона Манева Живкова, Арбен Зеќири, Атанас Петровски

Layout & Design: Џабир М. Дерала, Ариан Мехмети
Јазична редакција: Наташа Цветковска, Дијана Тахири, м-р Гордана Ацеска

Оваа публикација е финансирана од фондацијата National Endowment for Democracy.
**Наодите и ставовите презентирани во оваа публикација се исклучиво на ЦИВИЛ и на автор(к)ите и не нужно ги отсликуваат ставовите на донаторот.**

Контакти:
ЦИВИЛ, Максим Горки 31/1, Скопје, Република Северна Македонија
02/5209176 | civil@civil.org.mk | civil.macedonia@gmail.com

**WWW.CLP.MK**






Граѓанско новинарство за промени. Виктор Тошевски и неговата мајка на доделувањето награди за граѓанско новинарство, април 2018 година.

## ВОВЕДНА БЕЛЕШКА

# ОВА Е ТВОЈ ПРОЕКТ!

**ПРЕД ВАС Е УШТЕ ЕДНА ПУБЛИКАЦИЈА** на проектот Граѓански објектив, посветен на промоцијата на транспарентноста и одговорноста во политичките процеси. ЦИВИЛ, со поддршка од National Endowment for Democracy, го започна овој проект во октомври 2015 година. Многу брзо, овој проект прерасна во нешто многу повеќе од проект. Тој стана дел од начинот на дејствување на организацијата, а секако стана важна компонента во процесите на креирање методологии и пристапи на организацијата во целост.

Едноставно, проектот Граѓански објектив ги надмина сите очекувања на тимот на ЦИВИЛ. Започнавме со промоција на граѓанското новинарство како иновативен и креативен, а истовремено едноставен начин за учество во промените во општеството и во улогата и функционирањето на медиумите.

**РАЗВИВМЕ ШИРОКА И МНОГУБРОЈНА МРЕЖА ОД АКТИВИСТИ КОИ СЕ ЗАПОЗНАА СО ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО – АКТИВИЗАМ И МЕДИУМСКА ПРОДУКЦИЈА ОСЛОБОДЕНА ОД СТЕГИ, СТРАВ И ЦЕНЗУРА.**

Развивме широка и многубројна мрежа од активисти кои се запознаа со граѓанското новинарство – активизам и медиумска продукција ослободена од стеги, страв и цензура. Преку граѓанскиот активизам и технолошките придобивки граѓанките и граѓаните посочивме на можноста граѓанките и граѓаните секогаш да бидат први на „фронтот“ со точни, објективни и навремени информации.

Граѓанските новинарки и новинари се свесни и активни граѓанки и граѓани што сакаат да предизвикаат промени во своите заедници на локално и на национално ниво. Проектот го приближи граѓанското новинарство до секого што сака да учествува во демократските трансформации на општеството.

Граѓански објектив уште на самиот почеток прерасна во простор каде што, преку фотографии, видео, текстови и скриншотови се објавуваат прилози што ја претставуваат вистинската слика на нашето општество, онаква каква што мејнстрим медиумите не можат или не сакаат да ја доловат.

Вештините и знаењата да го имаат тој ефект во јавниот и медиумскиот дискурс беше дел токму од едукативниот материјал предаден на

**ГРАЃАНСКИ ОБЈЕКТИВ УШТЕ НА САМИОТ ПОЧЕТОК ПРЕРАСНА ВО ПРОСТОР КАДЕ ШТО, ПРЕКУ ФОТОГРАФИИ, ВИДЕО, ТЕКСТОВИ И СКРИНШОТОВИ СЕ ОБЈАВУВААТ ПРИЛОЗИ ШТО ЈА ПРЕТСТАВУВААТ ВИСТИНСКАТА СЛИКА НА НАШЕТО ОПШТЕСТВО, ОНАКВА КАКВА ШТО МЕЈНСТРИМ МЕДИУМИТЕ НЕ МОЖАТ ИЛИ НЕ САКААТ ДА ЈА ДОЛОВАТ.**

бројните семинари. И самиот тим на ЦИВИЛ научи многу во текот на имплементацијата на проектот и на сите активности на организацијата. На некој начин, овој проект се вброи во неколкуте најуспешни проекти на организацијата во текот на нејзиното 20 годишно постоење.

Во оваа публикација објавуваме избор од текстови што ги подготви тимот за имплементација на проектот, кои се однесуваат на различни компоненти и постигнувања на проектот. Како што кажавме на почетокот, а ќе го видите тоа и како наслов во оваа публикација, ова е многу повеќе од проект, затоа што, на самиот почеток на имплементацијата, ова стана простор во кој може да се каже дека проектот им припаѓа на сите заинтересирани граѓанки и граѓани што се подготвени да учествуваат во демократските промени во нашата земја. Сè што е потребно за учество во овој проект е добра волја и спремност да се бранат човековите права и слободи. Ова не е проект на ЦИВИЛ, ова е ТВОЈ ПРОЕКТ.

# ГРАЃАНСКИ ОБЈЕКТИВ – МНОГУ ПОВЕЌЕ ОД ПРОЕКТ

**ГРАЃАНСКИ ОБЈЕКТИВ** е проект што ги промовира транспарентноста и одговорноста во политичките процеси, преку јакнење на граѓанското новинарство, активизмот и промоцијата на човековите права и слободи. Воедно, преку овој проект, успешно и на мошне специфичен и сеопфатен начин, се спроведува мониторинг на изборните процеси, како и политичките настани и процеси, политики и практики на локално и национално ниво.

Истовремено, една од целите на проектот е да создаде безбеден, интерактивен и влијателен простор за граѓанките и граѓаните што ќе ги идентификуваат проблемите во своите средини, како што се кршењето на човековите права и слободи по било која основа, злоупотребите и корупцијата, со цел да известуваат за овие случаи без страв и без цензура.

**ГРАЃАНКИТЕ И ГРАЃАНИТЕ ДОБИЈА МОЖНОСТ ПОЛЕСНО ДА ГИ ИДЕНТИФИКУВААТ, НАБЉУДУВААТ И ДА ИНФОРМИРААТ ЗА СИТЕ ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ СОСТОЈБИ ОД НИВЕН ИНТЕРЕС НА ЛОКАЛНО И НА ЦЕНТРАЛНО НИВО.**

## КАКО СЕ ПОПУЛАРИЗИРА ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО?

Популаризацијата на граѓанското новинарство се одвива преку јакнење на јавната свест, граѓанско образование, активизам, примена на нови технологии, медиумска писменост, преку интерактивна теоретска подготовка и преку практична, теренска работа, каде што се користеа стекнатите знаења. Граѓанките и граѓаните добија можност полесно да ги идентификуваат, набљудуваат и да информираат за сите општествено-политички состојби од нивен интерес на локално и на централно ниво.

Постепено, проектот, во чии рамки се развиваше граѓанското новинарство, а во услови на медиумски мрак и длабока политичка криза во која се наоѓаше земјата во времето на започнувањето на проектот, но и со ограничени медиумски слободи во периодот потоа, се разви во силна и влијателна алатка во рацете на граѓанките и граѓаните што се залагаа за демократизирање на општеството и државата. Едноставно, проектот продре онаму каде традиционалните медиуми немаа можност или не сакаа поради нивните релации со центрите на моќта.


WHAT ARE
HUMAN
RIGHTS?




**Моменти од семинарите во Велес, 2018 година.**

**СО ПРОМЕНА НА ПОЛИТИЧКАТА И ОПШТЕСТВЕНАТА КЛИМА, ПО МЕНУВАЊЕ НА ВЛАСТА ВО 2017 ГОДИНА, ГРАЃАНСКИТЕ НОВИНАРКИ И НОВИНАРИ ОСТАНАА АКТИВНИ.**

## ШТО ПО ПРОМЕНАТА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ПРИЛИКИ?

Со промена на политичката и општествената клима, по менување на власта во 2017 година, граѓанските новинарки и новинари останаа активни. Тие храбро зачекорија кон првите „борбени линии“ и директно учествуваат во трансформацијата на медиумскиот простор во земјата.

Иако општествено-политичките прилики се променија на ниво на власт, институциите почнаа да се ослободуваат од партиските стеги, а заробената држава почна со реформи, сето тоа се одвиваше бавно и со многу проблеми. Затоа, остана потребата од силно и активно граѓанство, на кое му се потребни сите можни алатки за влијание врз демократските процеси.

Пред сè, потребно беше да се одржи силното темпо на јавен притисок за да се обезбеди транспарентност и одговорност во политичките процеси во земјата. Тоа воедно е и најголемиот предизвик за општеството и во мигот кога се подготвува овој текст.

**СИТЕ СЕ ЕДНАКВИ ГРАЃАНКИ И ГРАЃАНИ НА ОВАА ЗЕМЈА И ИМААТ ПРАВО ДА БИДАТ ИНФОРМИРАНИ ОБЈЕКТИВНО И КВАЛИТЕТНО.**

## ШТО НАУЧИВМЕ И КАКО ГО ПРИМЕНИВМЕ ТОА ЗНАЕЊЕ?

Овие изминати четири години, низ проектот Граѓански објектив, тимот на ЦИВИЛ, пред сѐ, им обезбеди на сите учесници во семинарите и работилниците, простор и безбедна атмосфера во која ќе се чувствуваат охрабрени, слободни, креативни, иновативни, почитувани и важни чинители во општеството. Најчесто, овие семинари беа најавувани како настани за храбри и одлучни, што во текот на годините овој опис навистина се оправда.

Уште на почетокот на секоја средба и настан, тимот на ЦИВИЛ укажува на фактот дека секој може да биде граѓански новинар,, независно од нивниот социјален статус, возраст, род и сексуална ориентација, етничка или друга припадност. Сите се еднакви граѓанки и граѓани на оваа земја и имаат право да бидат информирани објективно и квалитетно.

Сите имаат право и да учествуваат во самиот процес на информирање, користејќи ги најновите комуникациско-технолошки придобивки, како и правото на граѓанско учество во општествените и политичките процеси. И најчесто, сѐ што е потребно е да имаат мобилен телефон и

**СО ОГЛЕД ДЕКА ТЕХНОЛОШКАТА РЕВОЛУЦИЈА И ИНТЕРНЕТОТ ПОМОГНАА ВО БРЗИНАТА НА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ НИЗ СВЕТОТ, ВИДЕОТО И ФОТОГРАФИЈАТА СТАНАА ПОВЕЌЕ ОД ИЛУСТРАТИВЕН ДЕЛ ОД ИНФОРМИРАЊЕТО.**

волја да се спротивстават на злоупотребите, кршењето на човековите права, дезинформациите и лажните вести.

## КАКО НИ ПОМОГНАА ТЕХНОЛОГИЈАТА И ИНТЕРНЕТОТ?

Со оглед дека технолошката револуција и интернетот помогнаа во брзината на пренесување на информациите низ светот, видеото и фотографијата станаа повеќе од илустративен дел од информирањето. Тие станаа директен и објективен доказ. Но, додека традиционалните медиуми или она што се нарекува професионално новинарство поминува низ многу процедури и обработки на видео и фото материјалите, тешки камери и апарати, монтажи и проверки во чии рамки има простор за манипулации и притисок, граѓанските новинарки и новинари е доволно да поседуваат смарт телефон, да го снимаат или фотографираат она за што сакаат да информираат и да го проследат по било која социјална платформа или по мејл на ЦИВИЛ.

## ШТО СЕ СЛУЧУВА НА СЕМИНАРИТЕ НА ЦИВИЛ?

Според програмата, секој семинар или работилница што ЦИВИЛ ги спроведува во проектот Граѓански објектив, вклучува запознавање, пред сè, со теоретските основи на човековите права и со низа

**СЕКОЈ СЕМИНАР ИЛИ РАБОТИЛНИЦА ШТО ЦИВИЛ ГИ СПРОВЕДУВА ВО ПРОЕКТОТ ГРАЃАНСКИ ОБЈЕКТИВ, ВКЛУЧУВА ЗАПОЗНАВАЊЕ, ПРЕД СÈ, СО ТЕОРЕТСКИТЕ ОСНОВИ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СО НИЗА ПРАКТИЧНИ АСПЕКТИ НА НОВИНАРСКОТО ПИШУВАЊЕ И МОНИТОРИНГОТ.**

практични аспекти на новинарското пишување и мониторингот. Тоа се алатки што можат да им помогнат на активистите и граѓанските новинари да препознаат, а потоа и да известуваат за случаите на различните категории на кршење на човековите права. Учесниците на семинарите имаат можност да стекнат и низа практични знаења за употреба на технологијата и примената во видео и фото активизмот. Нивната работа потоа е драгоцен ресурс во мониторингот на изборните процеси и состојбите на човековите права и слободи.

Учесниците се запознаваат и со критериумите за верификација на доставените информации и начинот на нивно проследување до пошироката јавност и институциите, односно надлежните органи со чија интервенција би се решил одреден проблем или состојба во општеството.

Секој семинар опфаќа и практичен дел каде што учесничките и учесниците, обично во недела попладне, излегуваа на терен и таму се обидуваат веднаш да ги применат стекнатите теоретски знаења. По нивната неколкучасовна теренска работа следи евалуација на видео, аудио и фото материјалите што ги носат од терен.




Инфо-штанд/Барам одговор, Скопје, февруари 2019




**Јавна презентација, Скопје, март 2019**

**УЧЕСНИЦИТЕ НА СЕМИНАРИТЕ НА ЦИВИЛ САМИТЕ ИЗБИРААТ НАЧИНИ ДА ГИ ОБРАБОТАТ ТЕМИТЕ. СЕ ЧИНИ, НАЈОМИЛЕН ФОРМАТ ЗА ВРЕМЕ НА ПРАКТИЧНИТЕ ВЕЖБИ НА СЕМИНАРИТЕ ИМ Е АНКЕТАТА СО ГРАЃАНКИТЕ И ГРАЃАНИТЕ.**

Обично, самите учесници даваат предлози за темите на кои ќе работат: злоупотреби на јавните ресурси, добро владеење, социјална правда, изборни нерегуларности, нетранспарентно работење на локалните самоуправи, екологија, здравство, јавна администрација и низа други теми што постојано се актуелни во земјата. Тие избираат различни начини да ги обработат темите, но, се чини, најомилен формат за време на практичните вежби на семинарите им е анкетата со граѓанките и граѓаните.

Тоа дополнително ја зголеми видливоста на проектот, затоа што, преку анкетите, проектот допре до уште поголем број луѓе, а информациите прибрани во текот на анкетите, беа основа за понатамошна обработка на темите и подготовка на стории во соработка со професионалниот тим на ЦИВИЛ.

Голем дел од практичните совети што ги добија граѓанските новинари се однесуваа на петте основни новинарски прашања: кој, што, каде, кога, зошто, чиј редослед може да се менува зависно од веста што се пренесува и процената на новинарот што известува.

**ВО ТУРБУЛЕНТЕН ОПШТЕСТВЕНО ПОЛИТИЧКИ ПЕРИОД И СО ДЛАБОКА ПОЛИТИЧКА, УСТАВНА, ПА И БЕЗБЕДНОСНА КРИЗА СО КОЈА СЕ СООЧУВАШЕ НАШАТА ЗЕМЈА ОД 2015 ГОДИНА ПА НАВАМУ, СО ТОТАЛЕН КОЛАПС НА МЕДИУМИТЕ И СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕТО, ЦИВИЛ СО ПРОЕКТОТ ГРАЃАНСКИ ОБЈЕКТИВ ОПФАТИ ИЛЈАДНИЦИ ЛУЃЕ.**

## ШТО СЕ СЛУЧУВА НА ТЕРЕН?

На терен, граѓанските новинарки и новинари се групираа во неколку групи што заеднички обработуваа по две до три теми преку разни форми на известување. Секогаш на располагање им беше тимот на ЦИВИЛ кого можеа до го консултираат, да побараат дополнителни информации или помош во зависност од сторијата на која работеа.

Дел од прилозите на учесниците на семинарите на ЦИВИЛ беа целосно соодветни. Со или често и без дополнителни обработки на материјалот, тие се стекнуваа со право да бидат дел и од наградните циклуси за граѓанско новинарство што ЦИВИЛ ги доделуваше во текот на изминатите години.

## КОЈ УЧЕСТВУВА НА РАБОТИЛНИЦИТЕ ЗА ГРАЃАНСКО НОВИНАРСТВО?

На работилниците учествуваа сите оние што во моментот биле спречени да учествуваат на семинарите. Учесниците во скратена форма се стекнуваа со теоретските и практичните знаења. Секако, со помош на тимот на ЦИВИЛ, и тие поминуваа дел од обуката на терен по што следуваше евалуација на нивните прилози.

**ВО ПЕРИОД ОД НЕПОЛНИ ЧЕТИРИ ГОДИНИ, ЦИВИЛ ОДРЖА 28 РЕГИОНАЛНИ СЕМИНАРИ НИЗ ЦЕЛАТА ЗЕМЈА. ОСВЕН ВО СКОПЈЕ, СЕ ОДРЖАА СЕМИНАРИ ВО ВЕЛЕС, СТРУМИЦА, СКОПЈЕ, ШТИП, КУМАНОВО, ПРИЛЕП, СТРУГА, БИТОЛА, СО ОКОЛУ 750 УЧЕСНИЦИ.**

## КОИ СЕ БРОЈКИТЕ?

Во турбулентен општествено политички период и со длабока политичка, уставна, па и безбедносна криза со која се соочуваше нашата земја од 2015 година па наваму, со тотален колапс на медиумите и слободата на изразувањето, ЦИВИЛ со проектот Граѓански објектив опфати илјадници луѓе. Од учесници на семинари и работилници, до присуство на јавни настани, инфо-штандови, промоции, доделувања на награди за најуспешните меѓу нив, фестивал за човекови права...

Во овој период од речиси четири години, ЦИВИЛ одржа 28 регионални семинари низ целата земја. Освен во Скопје, се одржаа семинари во Велес, Струмица, Скопје, Штип, Куманово, Прилеп, Струга, Битола со учесници од скоро секој град и околните општини на овие регионални центри со околу 750 учесници.

ЦИВИЛ одржа и вкупно 20 работилници во кои учествуваа околу 180 учесници од Велес, Битола, Гостивар, Тетово, Штип, Гостивар, Кавадарци, Скопје, Куманово, Струмица и други помали општини или населени места што гравитираат кон регионалните центри, како

**ЦИВИЛ ОДРЖА 20 РАБОТИЛНИЦИ СО 180 УЧЕСНИЦИ ОД ВЕЛЕС, БИТОЛА, ГОСТИВАР, ТЕТОВО, ШТИП, ГОСТИВАР, КАВАДАРЦИ, СКОПЈЕ, КУМАНОВО, СТРУМИЦА И ДРУГИ ПОМАЛИ ОПШТИНИ КАКО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА, НЕГОТИНО, ЈЕГУНОВЦЕ, ЛИПКОВО, ВАЛАНДОВО, БОГДАНЦИ, БРВЕНИЦА, ЧАШКА, ЛОЗОВО, ВАЛАНДОВО...**

Македонска Каменица, Неготино, Јегуновце, Липково, Валандово, Богданци, Брвеница, Чашка, Лозово, Валандово...

## КОЈ СÈ ПРЕДАВАШЕ И ПРЕЗЕНТИРАШЕ НА СЕМИНАРИТЕ НА ЦИВИЛ?

Покрај предавањата и работилниците спроведени од тимот на ЦИВИЛ (Џабир Дерала, Синиша Станковиќ, Маја Ивановска, Биљана Јордановска, Дехран Муратов, Ермин Климента, Моника Талеска, Марија Теговска и неколку други), како предавачи се појавија и претходни учесници на семинарите и работилниците, како и добитници на наградите за најуспешните граѓански новинарки и новинари. Така, од учеснички и учесници на работилниците, како презентери на семинарите се појавија и: Симона Манева Живкова, Дејан Ристов, Сотир Габелоски, Вулнет Махмути, Горан Трајков, Дамјан Темков и други.

Своето искуство и знаење во областите што ги покрива проектот „Граѓански објектив" на учесниците им го пренесоа и истакнати професионалци фоторепортери, новинари, уметници, професори, експерти за медиуми и новинари, експерти за човекови права и продуценти, па и едно свештено лице: Сашо Орданоски (универзитетски професор, новинар и политички аналитичар),




Семинар во Штип, март 2019



5-те основни новинарски прашања...

**УЧЕСНИЦИТЕ НА СЕМИНАРИТЕ НАМЕНЕТИ ЗА МОНИТОРИНГ НА ИЗБОРНИТЕ ПРОЦЕСИ, УЧЕА ЗА ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО ВО КОНТЕКСТ НА МОНИТОРИНГОТ НА ЦИВИЛ, СО ФОКУС НА ПРАШАЊАТА КАДЕ И ШТО СЕ НАБЉУДУВА И КАКО СЕ ИЗВЕСТУВА ЗА ИЗБОРНИТЕ НЕРЕГУЛАРНОСТИ.**

Уранија Пировска (Хелсиншки комитет за човекови права), Роберт Атанасовски (фоторепортер, АФП), Златко Ориѓански (музичар и активист), Томислав Кежаровски (новинар, политички затвореник), Ѓорѓи Калајџиев (новинар), Петрит Сарачини (мултимедијален уметник, експерт за медиуми), Петар Арсовски (актер и активист), Ѓорѓи Личоски (фоторепортер, ЕПА), Синоличка Трпкова (актерка и активистка), Борис Грдановски (фоторепортер, АП), Томислав Георгиев (фоторепортер, ФОКУС, УНИЦЕФ, УНЕСКО), Мартин Кочовски (режисер и активист), Огнен Теофиловски (фоторепортер, Ројтерс), Сузана Мицева (новинарка), Дамјан Темков (музичар и активист), Душко Груевски (свештеник и активист) Владо Крстевски (монтажер), Атанас Петровски (камерман) и други.

## КАКО ПРОЕКТОТ ПОМОГНА ВО МОНИТОРИНГОТ НА ЦИВИЛ?

Учесниците на семинарите наменети за мониторинг на изборните процеси, учеа за граѓанското новинарство во контекст на мониторингот на ЦИВИЛ, со фокус на прашањата каде и што се набљудува и како се известува за изборните нерегуларности.

Низ овој временски период од четири години ЦИВИЛ, предавачите

**ГРАЃАНСКИТЕ НОВИНАРКИ И НОВИНАРИ, ОД ПРВИОТ КОНТАКТ, ПРЕКУ СЕМИНАРИТЕ И РАБОТИЛНИЦИТЕ, УСПЕАЈА ДА ОТВОРАТ И ДА ОБРАБОТАТ ТЕМИ ШТО НИ ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ МЕДИУМИ, БИЛО ДА СЕ НАЦИОНАЛНИ ИЛИ ЛОКАЛНИ НЕМАА ИНТЕРЕС ИЛИ БЕА ПРЕТПАЗЛИВИ ДА НЕ ГИ ВКЛУЧАТ ВО СВОИТЕ ПРОГРАМИ.**

на семинарите и работилниците, подоцна и веќе искусните граѓански новинарки и новинари, им обезбедија простор на учесниците во кој тие беа обучувани, но и охрабрени да зборуваат и објавуваат за најважните теми за кои во јавноста и институциите немаше слух. Тие многу често беа првите што реагираа објективно, навремено и со факти наспроти дезинформациите, лажните вести и манипулациите.

Мора да се нагласи дека граѓанските новинарки и новинари, од првиот контакт, преку семинарите и работилниците, успеаја да отворат и да обработат теми што ни традиционалните медиуми, било да се национални или локални немаа интерес или беа претпазливи да не ги вклучат во своите програми.

Во рамките на проектите за мониторинг на предвремените парламентарни избори во 2016, ЦИВИЛ обучи 308 набљудувачи. Во 2017 година за локалните избори ЦИВИЛ обучи 207 набљудувачи, а за Референдумот во 2018, вкупно 272 набљудувачи.

Сите набљудувачи на ЦИВИЛ, без оглед на тоа дали се ангажирани преку проектот Граѓански објектив или не, сите, без исклучок беа запознаени со сите аспекти на проектот, методологиите и тематскиот

**ПРОЕКТОТ ГИ СТАВА НА РАСПОЛАГАЊЕ ТЕХНИКИТЕ И МЕТОДОЛОГИИТЕ ШТО СЕ ДЕЛ ОД ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО И ГРАЃАНСКИОТ АКТИВИЗАМ, ШТО И ВО ИЗБОРЕН КОНТЕКСТ МОЖАТ ДА ПОСЛУЖАТ ВО ОДБРАНА НА ГЛАСАЧКОТО ПРАВО...**

фокус на проектот, насочен во изборен контекст.

Во периодите кога се спроведуваат изборните процеси, ЦИВИЛ редовно ги повикува сите учесници и други заинтересирани за граѓанското новинарство, да земат учество во мониторингот на состојбите и настаните поврзани со изборните процеси во најширока смисла на зборот.

Проектот ги става на располагање техниките и методологиите што се дел од граѓанското новинарство и граѓанскиот активизам, што и во изборен контекст можат да послужат во одбрана на гласачкото право, како и да се пријавуваат изборни нерегуларности поврзани со Избирачкиот список, изборната администрација, кршење на изборниот молк, поткупот на гласачи, како и за секаков вид на злоупотреби, закани, уцени и притисоци.

***

И... Останува уште многу долг пат да се изоди. Но, сѐ е полесно кога ЦИВИЛ и граѓанките и граѓаните работат заедно.




Семинар за граѓанско новинарство и мониторинг на Референдумот, септември 2018 година


CIVIL
CIVIL FEST
ИНСПИРИРАН И ПРИДВИЖЕН ОД ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО И АКТИВИЗМОТ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
СЛОБОДА, ПРАВДА, ЕДНАКВОСТ
видео★работилници★награди★изложби★перформанси★бендови и диџеи
МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА★70 ГОДИНИ УНИВЕРЗАЛНА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА★19 ГОДИНИ ЦИВИЛ
МКЦ, 10-11 ДЕКЕМВРИ 2018
искуси ја моќта на активизмот
CIVIL MEDIA

# ФЕСТИВАЛ НА СЛОБОДАТА

## #ЦИВИЛфест2018

**Фестивал за човекови права, активизам и граѓанско новинарство**

Во текот на втората половина на 2018 година, ЦИВИЛ интензивно работеше на организирање на мултимедијалниот настан ЦИВИЛ Фест (#ЦИВИЛфест) со кој беа одбележани и Меѓународниот ден на човековите права, 10 декември, 70 годишнината на Универзалната декларација за човекови права и 19 годишнина на ЦИВИЛ, 25 ноември.

Дводневниот настан се одржа на 10 и 11 декември во Младинскиот културен центар (МКЦ). Перформанси, изложби, доделување на награди за граѓанско новинарство, работилница, видео проекции, презентации, танцување, детско катче, диџеј сетови, концерти, дружење, забава и многу гости, поддржувачи, членови и заинтересирани граѓанки и граѓани беа дел од ЦИВИЛ Фест кој помина во одлична креативна атмосфера. За време на фестивалот, целиот тим на ЦИВИЛ и Редакцијата ЦИВИЛ Медиа беа преселени во МКЦ од каде што ги спроведуваа своите редовни работни обврски.

## МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И СЛОБОДИ

ЦИВИЛ Фест започна со одбележување на Меѓународниот ден за човекови права и слободи. Свој придонес кон темата за човековите права во нашата држава, дадоа шефот на Делегацијата на ЕУ, амбасадорот Самуел Жбогар, Уранија Пировска, извршна директорка на Хелсиншкиот комитет, Благица Димитровска од Здружение за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива“, Кочо Андоновски од Центарот за поддршка

на ЛГБТИ заедницата, Петрит Сарачини, новинар и активист за човекови права, а во името на ЦИВИЛ говореа Дехран Муратов и Џабир Дерала.

На отворањето на фестивалот, амбасадорот Самуел Жбогар истакна дека, иако се чувствува промена на политичката клима во земјата, сепак, има уште многу работа на полето на човековите права и слободи, слободата на изразувањето, медиумите, правата на ЛГБТИ заедниците и низа други области. Тој му честиташе на ЦИВИЛ за, како што кажа, „неуморните залагања и работа на промоција и заштита на човековите права и слободи".

Уранија Пировска изјави дека борбата за човекови права никогаш нема да запре, а должност на секој од нас е да ја продолжи таа борба за подобро утре, за својата еднаквост и слобода, свесни и активни во барањето сите да бидат еднакви по своето достоинство и еднакви пред законот.

Благица Димитровска како лидерка на организација што ги застапува правата на лицата со попреченост, упати апел до институциите, доколку носат некакви закони или преземаат некакви активности за лицата со попреченост, задолжително да ги вклучат и самите лица со попреченост, додавајќи дека секогаш треба да се има на ум дека лицата со попреченост се луѓе со исти права како сите останати.

Мултимедијалниот уметник, истакнат и како активист, новинар и експерт за медиуми,




**ОТВОРАЊЕ НА ФЕСТИВАЛОТ**
**10 декември 2018 година**

**Џабир Дерала, ЦИВИЛ: Го користам моето право да се изразам слободно и да повикам: Заземете став денеска! Извикајте: „Јас сум човечко суштество! И веќе нема никогаш да дозволам да газите по моето достоинство и да ми го скратувате или одземате животот со своите постапки!**




**На отворањето на фестивалот, амбасадорот Самуел Жбогар истакна дека, иако се чувствува промена на политичката клима во земјата, сепак, има уште многу работа на полето на човековите права и слободи, слободата на изразувањето, медиумите, правата на ЛГБТИ заедниците и низа други области. Тој му честиташе на ЦИВИЛ за, како што кажа, „неуморните заложби и работа на промоција и заштита на човековите права и слободи“.**

**„КОГА ТРЕБА ДА ЗБОРУВАМЕ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ЈАС ПРВИН ПОМИСЛУВАМ НА ПРАВОТО НА ВОДА... ЗАТОА ЈАС НЕ ЗНАМ ЗА КАКВИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДА ЗБОРУВАМ КОГА ИМА ЛУЃЕ ШТО ГО НЕМААТ ОСНОВНОТО ЧОВЕКОВО ПРАВО ЗА ВОДА“, ДЕХРАН МУРАТОВ, ЦИВИЛ**

Петрит Сарачини, нагласи дека културата на неказнивост е голем проблем, и дека порано сме имале култура каде што самата држава промовира и спроеведува дискриминација и не ги казнуваше дискриминаторските практики на институциите.



*Дехран Муратов, ЦИВИЛ*

Тој додаде дека, и покрај промените, сепак, државата, како одговорна пред своите граѓани, треба да создаде реални и функционални механизми што ќе ги штитат човековите права на секој граѓанин, испраќајќи порака дека заштитата на човековите права е иманентна на политиките и практиките и дека прекршувањето е нешто што не може и не смее да се толерира.

Активистот Кочо Андоновски порача дека не смееме да запреме со

**„ИМАВМЕ ДЕКАДА КАДЕ ШТО РАБОТЕВМЕ НА ОСНОВНОТО ПРАВО НА ЖИВОТ. НАМ БУКВАЛНО НИ БЕШЕ ЗАГРОЗЕНО ОСНОВНОТО ПРАВО НА ЖИВОТ...“, КОЧО АНДОНОВСКИ, ЛГБТИ ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА**

борбата за човекови права и дека мора пожестоко да се бориме за своите права.



*Кочо Андоновски, ЛГБТИ Центар за поддршка*

Притоа, Андоновски укажа на постојаната борба на ЛГБТИ заедницата во докажување, пред сѐ, на своето постоење во општеството, а па дури потоа дека и ЛГБТИ луѓето се еднакви и заслужуваат да ги уживаат подеднакво истите права и слободи, што упатува на дека ни основните права и идентификација во општеството сѐ уште не се земаат предвид.

Џабир Дерала, ЦИВИЛ, одбра да ја прочита својата колумна „Стани за себе и за другите. Денеска!“, напишана на Меѓународниот ден на човековите права  и на тој начин да ја пренесе пораката  дека никогаш не е доцна секој ден да првиот ден на борбата за човековите права и

**„БОРБАТА ЗА ПОДОБРО УТРЕ НИКОГАШ НЕМА ДА ЗАПРЕ. СЕКОГАШ ЌЕ ИМА НЕКОЈ КОЈ ЌЕ ГИ ПРЕКРШУВА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА, МЕЃУТОА МОРА НА ТАКВИТЕ ДА ИМ СЕ СПРОТИВСТАВИМЕ“, УРАНИЈА ПИРОВСКА, ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ**

слободи.

„Го користам моето право да се изразам слободно и да повикам: Заземете став денеска! Извикајте: „Јас сум човечко суштество! И веќе нема никогаш да дозволам да газите по моето достоинство и да ми го скратувате или одземате животот со своите постапки!“, повика Дерала.



*Уранија Пировска, Хелсиншки комитет*

Дерала ги повика своите читател(к)и, присутните на отворањето на ЦИВИЛФест и пошироката јавност, да се запознаат со човековите права. Потребно е малку време, но доволно да донесе подобар и достоинствен живот за сите.

„Да! Со солидарност, посветеност и храброст. Со секојдневна борба

**„КАКО ЗАСТАПНИК НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ И НА ВОЗРАСЕН СИН КОЈ ИМА ПОПРЕЧЕНОСТ ДЕНЕС ЌЕ ПРАШАМ – ШТО Е ТОА ЧОВЕКОВИ ПРАВА? ЗА ОВИЕ 70 ГОДИНИ ОД ДЕКЛАРАЦИЈАТА, ГОДИШНО ПО ЕДНАШ ДА СЕ РАЗМИСЛЕШЕ НА ОВИЕ КАТЕГОРИИ ДЕНЕС ЌЕ ГИ НАДГРАДУВАМЕ, А НЕ ДА ПОЧНУВАМЕ ОД НУЛА“, БЛАГИЦА ДИМИТРОВСКА, ИНКЛУЗИВА**

со корупцијата на умот, почнувајќи од себеси, завршувајќи со секој што има и најмала моќ на одлучување. Нека е тоа во автобус, на шалтер, во фирма или во институција (школо, болница, катастар, суд, општина, влада...).




*Благица Димитровска, Инклузива*

Да! Со препознавање на правата и слободите и препознавање на нивното кршење. Бескомпромисно и без калкулации, без политикантство, туку директно и недвосмислено. Без споредби од типот „ова не е ништо, какви сè работи има“, туку за секој, и најмал, обид да се згази на достоинството на човекот, во секоја ситуација“, рече Дерала  во својот говор по повод отворањето на фестивалот посветен на човековите права и слободи.

**ПЕТРИТ САРАЧИНИ, УМЕТНИК, АКТИВИСТ И НОВИНАР, НАГЛАСИ ДЕКА КУЛТУРАТА НА НЕКАЗНИВОСТ Е ГОЛЕМ ПРОБЛЕМ, И ДЕКА ПОРАНО СМЕ ИМАЛЕ КУЛТУРА КАДЕ ШТО САМАТА ДРЖАВА ПРОМОВИРА И СПРОЕВЕДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА И НЕ ГИ КАЗНУВАШЕ ДИСКРИМИНАТОРСКИТЕ ПРАКТИКИ НА ИНСТИТУЦИИТЕ.**



Дехран Муратов од ЦИВИЛ илустративно ја прикажа реалната состојба на човековите права и слободи преку сторија што тимот на ЦИВИЛ, според модулот кооперативно новинарство, ја направија со граѓански новинар за битолски Баир, населба која се снабдува со вода само со едно црево. Муратов истакна дека дури има луѓе што немаат вода за пиење не може да се зборува за човекови права.

## DANCERS UNITED НА ЦИВИЛ ФЕСТ

Светските шампиони, танчарите со Даунов синдром од танцовото студио Dancers United МК беа дел од програмата на ЦИВИЛФест.

Танчарите Ана Беќарска, Моника Бисовска, Христијан Стојанов, Дарко Ефтимовски, Ена Митревска, Александар Матовски и Оливер Блажевски водени од Сара Кочан, Нермин Кочан и Виолета Балшевска веќе 5 години рушат бариери и освојуваат европски и светски медали во различни категории, откако ги држат титулите Европски шампиони во латино шоу јуниори (деца со типичен развој) како и европски шампиони во повеќе пара категории.

Со својот одличен и забавен танц Dancers United МК го одбележаа почетокот мултимедијалниот хепенинг на ЦИВИЛ.

## ИЗЛОЖБА: ФОТОГРАФИИ НА СЛОБОДАТА

Посветен на граѓанското новинарство и активизмот во име на слободата, правдата и еднаквоста мултимедијалната изложба на фотографии под наслов „Фотографии на слободата" или #FreedomPhoto со стотици фотографии што го одбележаа граѓанското новинарство и активизмот за човекови права од почетокот на проектот „Граѓански објектив" до денес.

Изложбата #FreedomPhoto се отвори веднаш по настапот на Dancers United. Дел од изложбата беа повеќе од 50 фотографии во различни формати. Неколку стотици фотографии беа дел од слајд проекциите со фотографии на многу различни теми од многу различни настани. Многумина од посетителите дури и се препознаа на фотографии,




DANCERS UNITED НА ЦИВИЛ Фест




ИЗЛОЖБА: ФОТОГРАФИИ НА СЛОБОДАТА

потсетувајќи се како е да се биде дел од активностите на ЦИВИЛ, или во бескрајните поворки од луѓе на протестите во изминатите години.



Фотографиите, пред сѐ ги преставија активностите на граѓанските новинарки и новинари, бројните настани поврзани со нив и нивните стории и бурните настани забележани од тимот на ЦИВИЛ и бројните активисти во текот на изминатите години. Овие фотографии се авторско дело на десетици граѓански новинарки и новинари, како и на тимот на ЦИВИЛ.

## КУЛИ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

„Кулите на граѓанското општество“ (#CivilSocietyTowers) претставуваше специфичен, мултимедијален приказ на активизмот и на граѓанското општество. Кулите ги збогатија многу невладини организации што работат на човековите права. На тој начин тие имаа можност да ги промовираат своите активности и да комуницираат меѓусебно на теми од заеднички интерес.



## КРЕАТИВНО ДЕТСКО КАТЧЕ

ЦИВИЛФест обезбеди простор каде што најмладите посетители можеа слободно и безгрижно да ја изразат својата креативност.

Куповите хартија, боички, штафелаи, беа дел од реквизитите со кои располагаа најмладите, за да уживаат и да се рекреираат, додека нивните родители учествуваат во многубројните активности што ги понуди мултимедијалниот настан на ЦИВИЛ.

## ГРАЃАНСКО НОВИНАРСТВО

Во рамки на фестивалот ЦИВИЛ ја вклучи и Церемонијата на доделување награди за граѓанското новинарство. ЦИВИЛ додели шест нови награди за граѓански новинари кои во тој период испратија фотографии и видео прилози.

Граѓанските новинарки и новинари беа наградени за притисок за време на избори, за





*Од церемонијата за доделување на наградите за граѓанско новинарство*

донации на добрите чаирчани за бездомниците, вечниот проблем со отпадот, особено во државните болници, протести за името пред Собрание, сторијата за наслебата Баир во Битола каде жителите немаат вода...

Специјална награда ја доби грѓанската новинарка Симона Живкова, за видео од протестот во Штип по повод загубениот живот на еден тинејџер на улиците во Штип, каде протестираа другарите од училиштето. Нејзината сторија ја алармираше Општина Штип, која итно се зафати со регулација на сообраќајот во близина на училиштето.

Исто така, 15 учеснички и учесници на работилницата што ЦИВИЛ ја организираше во рамки на фестивалот, имаа можност да научат повеќе за граѓанскиот новинарство и активизам, но и да бидат дел од донесувањето на одлуки на локално и на национално ниво.



*Концерт*

На работилницата учесниците се запознаа со основите на снимање, фотографирање и известување за сите проблеми што се дел од секојдневието на луѓето. Тие стекнаа примарни вештини што можат да им користат во известување на теми човекови права, слобода на изразување, демократија, избори, како и за секој друг проблем на локално или национално ниво.

## ПРОЕКЦИИ НА ВИДЕО СТОРИИ

Граѓанските новинар(к)и се насекаде и секогаш се први на местото на настаните. Тие се очите на вистинската слика во која живееме. Видеата на граѓанските новинари не се

лепени, сечени и монтирани, тие се вистински. Токму аматерските снимки на граѓанските новинар(к)и се најмоќните и најгледаните содржини што го менуваат општеството.

ЦИВИЛФест на посетителите им понуди неповторлива можност преку четири монитори да ги погледнат видео прилозите на граѓанските новинар(к)и за лошите услови во македонските затвори, здравствени установи, училишта, градинки, студентски домови, прифатилишта за бездомни лица... Исто така, видео прилози што зборуваа за злоупотреба на деца за политичка кампања, питачење, верски обреди... видеа што укажуваа на изборни нерегуларности, злоупотреба на правото за мирен протест...

Токму преку снимките на граѓанските новинар(к)и, јавноста имаше можност да види и слушне говор на омраза на спортските натпревари или на партиските митинзи или собири... Во текот на изминатите четири години, додека се спроведуваше проектот Граѓански објектив, тимот на ЦИВИЛ направи и многубројни видео стории заедно со граѓанските новинарки и новинари од целата земја.

На видео програмата на ЦИВИЛФест премиерно се прикажа и документарниот филм за Караванот на слободата што ЦИВИЛ го водеше во 2016 година.

**КОНЦЕРТ: ТРИ ЧАСА ЧИСТИ ЕМОЦИИ**

Man In A Suit, Tonal и Basic Trio се алтернативни бендови што се бават со ангажирана

музика и кои на вториот ден на ЦИВИЛФест настапија на вториот ден на ЦИВИЛ Фест. Во име на слободата, уметноста и човековите права низ поинаков тоналитет на она што младите го доживуваат во современото македонско општество на кое секојдневно му се потребни промени.

ЦИВИЛ Фест вклучуваше и дицејска забава под слоганот Музика на слободата.

## УМЕТНИЧКИ ПЕРФОРМАНС: НА КРАЈОТ, СО СИЛА, ДУРИ И СЕ СМЕЕМЕ

Уметничкиот перформанс на  Мете Јанакиевски, артист - пантомимичар од продукцијата Театроск од Скопје, пред сѐ,  беше акт на граѓански активизам, грижа за подобро утре, а најмногу од сѐ зрелост за подобро општество.

Неговата грижа која тој ја изразува преку неговата пантомима, односно преку говорот на неговото тело, остави  силен вресок во неговиот професионален молк преку кој тој најавтентично  ги раскажа сите, и негови, но и наши чувства кои всушност длабоко не' притискаат секојдневно до последната капка болка во нашата душата, а на крајот сепак се смееме.

Фестивалот траеше два дена. Акцијата продолжи...


CIVIL
NED
National Endowment
for Democracy
Supporting freedom around the world
CIVIC
LENSES
PROJECT
www.civil.org.mk
#CivicLenses
www.clp.mk


CIVIC
LENSES
www.civil.org.mk


CIVIL
CIVIC
LENSES
PROJECT